# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
# ВО 2022 ГОДИНА

**март, 2023 година**

## ПОЧИТУВАНИ,

Годината што е зад нас, беше исполнета со многу предизвици и проблеми како резултат на енергетската, а со тоа нормално и економска криза. На самиот почеток од 2022 година како најприоритетна се наметна потребата од намалување на трошоците за електрична енергија, посебно во делот на уличното осветлување, но, исто така, и во општинските установи. Со акциски план за заштеда и носење правилни одлуки, успеавме да ги намалиме трошоците и да ги ублажиме последиците. Обезбедивме услови за непречено функционирање на сите институции во надлежност на Општината.

Истовремено, агилно работевме да ги реализираме планираните програмски активности и проекти за доброто на граѓаните. Посебен фокус ставивме на искористување на средствата од грантови и други извори на финансирање, со што успеавме да обезбедиме 129.122.207денари за реализација на 14 прокети, дел од нив крупни капитални проекти кои ќе го подобрат секојдневието на нашите сограѓани.

Реализацијата на Основниот буџет во 2022 година, во значително влошени економско-енергетски услови, е повеќе од успешна. Зголемените буџетски приходи овозможија финансиска стабилност на општината, што е основен предуслов за исполнување на надлежностите на локалната самоуправа.

Минатата година, стартуваше изградбата на атмосферската канализација во Гевгелија, Негорци и Прдејци добија квалитетна вода за пиење, а во завршна фаза е новата водоводна линија за Богородица. Изграден е и пуштен во употреба Младинскиот дом во Прдејци, а со сопствени средства започна реконструкцијата на стариот објект на „Винојуг“ во Богородица и изградбата на стационарот за бездомни животни. Реконструирани и обновени се повеќе спортско-рекреативни терени во Општината, изградени се улицата од Милци до граничниот премин „Богородица“ и улицата во стопанската зона „Блокотехна“, додека во повеќе населени места беа бетонирани и асфалтирани помали улици.

Изминатава година, приоритет беше даден на изработката на проекти, со кои аплициравме до повеќе домашни и меѓународни фондови. Станува збор за проекти во вкупна вредност од 148.056.865 денари, кои ќе го поттикнат развојот на социјалните услуги, модернизација на стручното образование, подобрување на просторните услови во детските и културните установи. Посебно значајна беше туристичката промоција на општината, како и креирањето на туристичкиот идентитет на општина Гевгелија.

Исполнета е и обврската за формирање на Локалниот младински совет, кој веќе започна со своите активности за креирање на подобри младински политики во нашата општина. Организирани се обуки за најмладите во областа на драмската и ликовната уметност, музиката, литературата, а воведен е и бесплатнен логопетски третман за деца со проблеми во вербалната комуникација. Заштитата на животната средина се манифестираше со профункционирање на Времената депонија и конечното финиширање на затворање на дивата депонија кај Сува Река. Стартуваше пилот проектот за рециклирање на комуналниот отпад во секое домаќинство, исто така, се обновија и дел од зелените површини.

Во изминатата 2022 година покажавме дека можеме да се справиме со предизвици и да ги решиме новонастанатите проблеми. Верувам дека во 2023 година со стабилизацијата на кризата, ќе оствариме уште подобри резултати, а тоа ќе биде најдобра гаранција за спроведување на планираните активности во интерес на граѓаните. Гевгелија се менува и го подобрува својот лик!

**Андон Сарамандов,**
Градоначалник
на општина Гевгелија

## НАДЛЕЖНОСТИ

Општина Гевгелија, во текот на 2022 година, своите надлежности ги остваруваше во значително влошени услови поради енергетско-економската криза. Затоа и приоритет беше даден на активностите за намалување на трошоците и заштеда на електрична енергија во мрежата на јавното улично осветлување. Секако, и за обезбедување услови за работа и функционирање на Општина Гевгелија и локалните институции, согласно надлежностите на локалната самоуправа. Паралелно се настојуваше преку рационално работење, дополнително ангажирање и конкретни мерки и активности да се обезбеди стабилна финансиска состојба во Општината. Секако, и непречено извршување на своите надлежности од страна на локалната самоуправа во сите сфери на општественото живеење, а согласно пропишаните законски одредби.

Покрај ова, беа обезбедени услови и изнајдени можности за реализација на повеќе проекти и активности, кои се од посебно значење и во интерес за граѓаните. Минатата година, почна реализацијата на неколку капитални проекти, но и инфраструктурни зафати кои придонесоа за подобрување на условите за живеење, како во Гевгелија, така и во населените места. За сите реализирани активности и проекти, спроведените иницијативи и организираните акции, од посебно значење беше ангажирањето и поддршката од општинската администрација.

За подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните придонесе и остварената соработката со Советот на Општина Гевгелија, посебно настојувањата во практика да се спроведе заедничката заложба за ублажување на последиците од енергетската и финансиската криза. Во таа насока, од посебно значење беше навременото донесување на потребните акти, кои и овозможија на Општина Гевгелија да ги реализира планираните активности и проекти. Се разбира, истовремено спроведувајќи ги законските надлежности, но и остварувањето на крајната цел - подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните.

Во текот на 2022 година, Советот на Општина Гевгелија одржа 17 седници, на кои на дневен ред се најдоа 290 акти од неговата надлежност, од кои 259 беа донесени. Од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија беа предложени 131 акт, од кои беа донесени 102, додека 159 акти беа предложени од други предлагачи. Работните тела на Советот на Општината одржаа 107 седници, на кои беа разгледани 290 акти, поточно, сите оние што потоа се најдоа на дневен ред на Советот на Општина Гевгелија. Заедничка определба беше навременото донесување на предложените акти, особено, кога станува збор за Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, Завршната сметка на Општинскиот буџет за 2022 година, како и другите стратешки документи врзани со законски рокови. Со навремено постапување и спроведување на своите надлежности, во текот на изминатата година беше обезбедено непречено функционирање на локалната самоуправа, но истовремено и развој на општината.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Закажани седници на Советотна Општина Гевгелија** | **17** | **Одржани седници** | 17 |
| **Предложени акти** | **290** | **Донесени акти** | 259 |

## ФИНАНСИРАЊЕ

Општина Гевгелија, минатата година, наспроти отежнатите услови на работење како резултат на енергетската и економската криза, имаше стабилна финансиска состојба. Најдобра потврда за тоа е остварената буџетската реализација и непреченото финансиско работење. Од планираните 519.651.337 денари вкупни приходи во Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, реализирани се 461.564.783 денари или 88,82%, додека од планираните приходи во Основниот буџет во износ од 228.617.133 денари реализирани се 204.585.191 денар, или 89,94%. Ваквата успешна реализација на Основниот буџет во минатата година, во услови на енергетска и економска криза, е потврдена во Завршната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, која беше усвоена од страна на Советот на Општина Гевгелија. Од планираните расходи во Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година реализирани се 88,82% или 519.651.337 денари.

Во Основниот буџет реализираните расходи учествуваат со 204.585.291 денар, од кои 45.593.910 денари или 22,29% се капитални расходи. Имајќи предвид дека во планираните 58.584.467 денари за оваа намена, капиталните расходи учествуваат со 77,82%, потврдена е развојната компонента на инвестициони активности во Општина Гевгелија. Во извештајниот период, забележително езголемување на сопствените приходи, како резултат на зголемените даночни и неданочни приходи. Општина Гевгелија во 2022 година оствари зголемена наплата на приходи од сопствени извори за над 18% и зголемена наплата на данокот на имот за 20,42%. Исто така во делот на обврски, а по основ на кредитни задолжувања во 2022 година Општина Гевгелија има исплатено 12.202.734 денари.

Реализацијата на Основниот буџет во 2022 година, во значително отежнати услови, е повеќе од успешна, беше констатирано од страна на координаторите на Проектот на УСАИД за зајакнување на ресурсите. Општина Гевгелија е една од петнаесетте партнер-општини во првата група, која е вклучена во Пректот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, кој има за цел да им помогне на единиците на локалните самоуправи да ги зголемат приходите од сопствени извори, да обезбедат поголемо надворешно финансирање, да ја зголемат стапката на реализација на буџетот и да го унапредат извршувањето на децентрализираните надлежности. Според изготвениот Извештај, Општина Гевгелија го донесе Планот за локален економски развој, а подготвена е процедурата за поделба на должностите во процесот на трошење на буџетски средства. Значително е подобрен и индексот на активна транспарентност на Општина Гевгелија во 2022 година, кој изнесува 92,9 од можни 100% и високи 11 индексни поени за буџетска транспарентност.

Покрај, оствареното стабилно финансиско работење, донесувањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, е гаранција за уште поуспешна буџетска реализација. Вкупниот Буџет на Општина Гевгелија за идната година е проектиран на 533.802.801 денар или на над 8,6 милиони евра. Основниот буџет за 2023 година изнесува 242.818.917 денари. Покрај приходите на Основниот буџет, во структурата на вкупниот буџет се приходите на дотации во износ од 267.862.000 денари, на донации од 4.312.020 денари и на самофинансирачките активности во износ од 18.809.864 денари. За капитални расходи во Основниот буџет се предвидени 77.922.360 денари или 32,10%, што е одраз за неговата развојна компонента.

## ЛОКАЛНИ ДАНОЦИ

Општина Гевгелија го стави во функција новиот систем „Е-ДАНОК“ за електронска наплата на сите даночни обврзници во општината. Електронското плаќање на даночните обврски придонесе за подобрување на услугите кон граѓаните, поедноставување на начинот на плаќање, но и приближување на Општина Гевгелија кон светските трендови во работењето со платежните картички и новите начини и канали на плаќања. На даночните обврзници во Општина Гевгелија веќе им е овозможено, по претходна најава, бесплатно да ги користат електронските услуги за проверка на доспеаниот локален данок на имот, на комунална такса за фирма, како и електронско плаќање на доспеаните локални даноци и комунални такси.

Во рамките на проектот на Општина Гевгелија со УСАИД, зголемен е капацитетот на Одделението за локални даноци и такси за ажурирање на базата на податоци за данок на имот. Исто така, постигната е зголемена информираност на даночните обврзници за плаќањето на данокот на имот преку едукативната кампања „Мој данок за мојата општина“.

Инаку, за спроведување на даночната политика на Општина Гевгелија, во 2022 година од страна на Одделението за локални даноци и такси беа преземени повеќе активности и донесени се следните решенија и други акти:

- 8.592 решенија за **данок на имот** со вкупен износ од 19.959.102 денари, почетно салдо 29.668.408 денари и вкупна наплата од 23.574.131 денари или 47,50% на наплата од вкупното задолжение или 79,45% на наплата во однос на задолжението за 2022 година. Изработени се нови 1.270 **даночни пријави** и издадени се 3.479 **опомени** за неплатен данок на имот на физички и правни лица. Издадени се 33 **решенија за присилна наплата** на обврзници за данок на имот за правни лица;

- 530 решенија за утврден **данок на промет на недвижност** со вкупно задолжение од 15.954.878 денари, почетно салдо од 1.134.184,00 денари и вкупна наплата од 16.960.741 денари или 99,24% на наплата од вкупното задолжение или 106,30% од задолжението за 2022 година;

- Пресметана е **камата на данок на промет на недвижен имот и наследство и подарок** во износ од 1.870 денари, почетно салдо 6.490 денари и наплата од 1.887 денари или 22,57% на наплата од вкупното задолжение или 100,90% од задолжението за 2022 година;

- 424 решенија за утврден **данок на наследство и подарок** со вкупно задолжение 2.198.948 денари, почетно салдо од 626.674 денари и вкупна наплата од 2.398.550 денари и 84,88% од вкупното задолжение или 109,07% од задолжението за 2022 година;

- 1.863 решенија за **комунална такса за истакнување назив на фирма** во вкупен износ 6.837.125 денари, почетно салдо од 68.128.330 денари и вкупна наплата од 5.148.984 денари и 6,86% од вкупното задолжение и 75,30% од задолжението за 2022 година. Издадени се 1.093 **опомени** за неплатена комунална такса за фирмарина;

- 28 решенија за **комунална такса за користење простор пред деловнипростории** во вкупен износ од 744.798 денари, почетно салдо 4.220.337 денари, со вкупна наплата од 514.830 денари и 10,36% наплата во однос на вкупното задолжение и 69,12% во однос на задолжението за 2022 година;

- 4 решенија за **комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градот**, во вкупен износ од 49.250 денари, почетно салдо 29.384 денари, со вкупна наплата од 49.250 денари и 62,63% наплата во однос на вкупното задолжение и 100% во однос на задолжението за 2022година;

- 19 решенија за **комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места** во вкупен износ од 59.200 денари, почетно салдо од 140.700 денари и вкупна наплата од 81.600 денари или 40,82% од вкупното задолжение и 137,83% од задолжението за 2022 година.

| | Донесени решенија за 2021 | Донесени решенија за 2022 | Облог на решенија за 2021 год. | Облог на решенија за 2022 год. | % на наплата од вкупно задолжение | % на наплата од задолж. за 2022 | бр. на тужби 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Данок на имот | 8.399 | 8.592 | 19.293.362 | 19.959.102 | 47,50% | 79,45% | / |
| Данок на промет | 388 | 530 | 16.487.435 | 15.954.878 | 99,24% | 106,30% | / |
| Данок на наслед. и подар. | 487 | 424 | 1.899.556 | 2.198.948 | 84,88% | 109,07% | / |
| КТ - фирмарина | 1.839 | 1.863 | 6.827.600, | 6.837.125, | 6,86% | 75,30% | / |
| КТ-корис. на простор | 49 | 28 | 1.433.599, | 744.798,00 | 10,36% | 69,12% | / |
| КТ-корис. плоштад | 1 | 4 | 2.250 | 49.250 | 62,63% | 100% | / |
| КТ - објави и реклами | 25 | 19 | 97.600 | 59.200 | 40,82% | 137,83% | / |

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Општина Гевгелија во 2022 година, покрај активностите за ублажување на последиците од енергетската и економската криза, настојуваше да се обезбедат поволни услови за локален економски развој. За таа цел, најпрвин беше ставен фокус за подготвување на техничка документација на вкупно 12 проекти, со кои се аплицираше на јавните повици за финансирање, а за кои вложивме големи напори да бидат одобрени. Истовремено, залагањата беа насочени кон унапредување на регионалната и прекуграничната соработка преку реализација на веќе одобрените проекти, но и подготовка на нови. За поттикнување на локалниот економски развој, од посебно значење беше обезбедувањето на урбанистички услови и градежни парцели за реализација на инвестиционите проекти на заинтересираните домашни и странски инвеститори.

Притоа, посебен акцент се стави на подобрувањето на комунална и патна инфраструктура, како предуслов за реализација на инвестиционите проекти. Покрај поддршката на локалниот економски развој од Општинскиот буџет за реализација на одделни проекти и активности, беше значајна и поддршката од Советот за развој на Југоисточниот Плански Регион, но и другите европски и меѓународни инвестициони програми. Во прв ред, ИПА-Програмите за прекугранична соработка, програмата ИПАРД, но и на УНДП и УСАИД.

Имајќи предвид дека планирањето на локалниот економски развој, согласно Законот залокална самоуправа, е во надлежност на локалната самоуправа, изработката и донесувањето на Планот за локален економски развој, претставуваше приоритетна обврска. Овој документ јасно го дефинира развојниотпат на Општина Гевгелија, како економски просперитетна, урбанистички уредена општина, сопоголема искористеност на обновливите извори на енергија, и, секако - привлечна туристичка дестинација. Но, и општина со унапредено земјоделско производство, чиста животна средина, како подобрен квалитет на живот во урбаните и руралните средини.

Ваквата долгорочна обврска, со поддршка од Американската агенција за развој (USAID), преку проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, беше реализирана преку дефинирање на идниот локален економски развој на Општината, но и преку конкретизирање на идните проекти кои ќе овозможат позабрзан економски развој. Местоположбата на Општина Гевгелија и подготвеноста на локалната самоуправа за поголема застапеност и примена на европскитестандарди го трасира и нејзиниот развоен пат.

Општина Гевгелија, минатата година, стартуваше со Кампањата за промоција на туристичкиот идентитет на општината, како основа за поголема искористеност на туристичките потенцијали. Во процесот до утврдувањето на туристичкиот идентитет беа вклучени сите туристички чинители во општината, беше организирано опсежно истражување и беа одржани многу креативни сесии, кои резултираа со изготвување на прецизна SWOT анализа. Целиот процес беше заокружен со изборот на слоганот “Spice up the Jorney”, односно „Зачини го патешествието“, како заштитен знак на туристичкиот идентитет на Општина Гевгелија. Во рамките на утврдената туристичка платформа беше изработен промотивен материјал, отпечатени флаери на 3 јазици за сите туристички потенцијали, отворени фан-страници на социјалните мрежи, а беа изработении 5 кратки промотивни видеа за сите компаративни погодности и туристички потенцијали, како и едно генерално видео за промоција на вкупната туристичка понуда. Општина Гевгелија, своите туристички потенцијали ги презентираше успешно на 43. Меѓународен саем за туризам во Белград. Притоа, Општина Гевгелија се претстави како привлечна туристичка дестинација на овие балкански простори, пред сè, во бањскиот, планинскиот и казино-туризмот, но и во другите туристички групи, кои поради компаративните предности овозможуваат развој на туризмот.

## ПАТНА ИФРАСТРУКТУРА

Во Општина Гевгелија, во текот на 2022 година, извршено е значително проширување и подобрување на патната инфраструктура. Изградени се, реконструирани и бетонирани повеќе улици во Гевгелија и во населените места, во вкупна површина од 16.523 м.². За таа цел, од Општинскиот буџет за изградба и реконструкција на општински патишта и улици и за бетонирање на помали улици и краци беа вложени 23.428.949 денари. Меѓу новоизградените улични површини се: улицата во Стопанската зона „Блокотехна“, улица во УБ 10.2 (крак на ул. „7 Ноември“), улица во Миравци, улица во Давидово и изградба на Новопланирана улица 6 од секундарна мрежа за мултинаменски комплекс „Милци“ кај Гевгелија.

Минатата година, обновен е асфалтот на улична површина од 5.613 м.² и тоа на улиците во: Гевгелија, Давидово, Миравци и Милетково. Исто така, беше извршено и бетонирање на помали улици и краци во: Гевгелија, Моин, Богородица, Негорци, Миравци, Петрово и Смоквица, на вкупна површина од 8.133 м.². Во текот на минатата година, извршена е изградба и реконструкција на тротоари и патеки со вкупна површина од 1.327 м.². Покрај тековното одржување на локалните патишта, извршено е проширување на кружниот тек во Негорци, проширување на просторот пред Младинскиот дом во Прдејци и изведбени работи во Миравци. Додека пак, за сообраќајна сигнализација беа издвоени 700.000 денари, кои средства беа наменети за машинско обележување со хоризонтална сигнализација на 8.800 м.² улична површина.

Општина Гевгелија е една од ретките општини, која е покриена со сообраќајна вертикална сигнализација, според современите европски стандарди. Подобрувањето на локалната улична мрежа ја следеше и соодветно сообраќајно обележување, со што значително е зголемена безбедност во сообраќајот. Во текот на 2022 година, поставена е и уредена сообраќајна сигнализација во Гевгелија,во вредност од 700.000 денари.

| | **опис** | **количини** | | **Вредност** |
|---|---|---|---|---|
| | | **м.** | **м.²** | |
| **I** | **Изградба на улици во Општина Гевгелија** | | | **8,663,720.90** |
| 1.1. | Улица во УБ 10.2 во Гевгелија | 150.0 | 516.0 | 1,010,115.36 |
| 1.2. | Улица во Индустриска зона „Блокотехна“ | 435.0 | 1,960.0 | 3,597,031.67 |
| 1.3. | Улица во УБ 4.4 крак на ул. „Аргир Манасиев“ | 60.0 | 300.0 | 528,046.70 |
| 1.4. | Улица во Миравци | 195.0 | | 411,355.56 |
| 1.5. | Улица во Давидово | 120.0 | | 414,638.61 |
| 2. | Изградба на ул. „Александар Бел“ Гевгелија – I фаза (дел од долен и од горен строј) | | | 2,530,843.00 |
| 3. | Изградба на новопланирана улица 6 (поврзување на Гевгелија со Милци) преку сервисна улица 2 (стар пат Гевгелија-граница) со ообраќајна лента за исклучување и приклучување на автопат (Е75) - I фаза | | | 171,690.00 |
| **II** | **Тековно одржување на улици и општински патишта** | | | **3,952,500.00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **III** | **Реконструкција на улици (Обновување на асфалт)** | | **5,614.05** | **4,658,575.87** |
| 1. | Ракометно игралиште - Партизан | | 1,112.00 | 990,440.04 |
| 2. | ул. „Ристо Шуклев“ Гевгелија | | 1,041.00 | 928,106.43 |
| 3. | Улица во с. Давидово | | 613 | 636,549.29 |
| 4. | Улица во с. Миравци | | 1,512.65 | 1,184,946.85 |
| 5. | Улица во с. Милетково | | 1,335.40 | 918,533.26 |
| **IV** | **Бетонирање на помали улици-краци, тротоари и пешачки патеки** | | **8,133.00** | **4,301,962.61** |
| 1. | Моин - улици и краци | | 860.00 | 472,759.00 |
| 2. | Богородица - улици и краци | | 862.5 | 464,164.00 |
| 3. | Негорци - улици и краци | | 1,238.50 | 662,296.00 |
| 4. | Миравци - улици и краци | | 1,104.00 | 577,852.24 |
| 5. | Петрово - улици и краци | | 1,013.00 | 528,651.72 |
| 6. | Смоквица - улици и краци | | 926 | 484,974.35 |
| 7. | Гевгелија - краци | | 969.00 | 503,840.37 |
| 8. | Гевгелија (кај згр.БС Билдинг, Полигон, Детска градинка и ДТВ Партизан | | 1,160.00 | 607,424.93 |

Покрај проширената и подобрена локална патна инфраструктура од сопствени средства, минатата година, беа реализирани и проекти со грантови и донации. Доизградбата на преостанатите 800 метри од патот за Ума е финиширана, со што целосно е заокружена оваа сообраќајница, од крстосницата на патот Гевгелија-Смрдлива Вода до Ума. Изградбата на последната делница од патот за Ума чинеше 6.700.000 денари, од кои 1,5 милион денари се сопствени средства, а преостанатите се обезбедени од Бирото за регионален развој, преку проектната програма на ЈИПР.

Во Ума, беше уредена и влезната улица со калдрма, од црквата на влезот на Ума до центарот на селото, во должина од 185 метри. Поставена е и урбана опрема со што целосно е променет ликот на оваа туристичка населба. Изведбените активности беа реализирани по иницијатива на Здружението „Мегленија“, во партнерство со ЛАГ„Бојмија“, а со поддршка на УСАИД и Општина Гевгелија, како и неколку правни субјекти.

## КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во текот на минатата година, почнаа изведбените работи за проширување и подобрување на комуналната инфраструктура во Општина Гевгелија. Покрај финиширањето на капиталните еколошки проекти, беа реализирани и неколку значајни инвестициони проектиза подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните. Со изградбата на атмосферската канализација на подрачјето на една третина од Гевгелија и обезбедувањето на квалитетна вода за пиење за околу 5.500 жители во населените места Негорци, Прдејци и Богородица, граѓаните ќе добијат поквалитетни комунални услуги.

Вкупно реализираната инвестициона активност за проширување и подобрување на водоводната и канализационата мрежа изнесува 78.080.107 денари. По низа години, Негорци и Прдејци добија квалитетно водоснабдување со приклучување на цевководот на

водоснабдителниот систем во Гевгелија, во должина од 6.405 метри, во вредност од 24.728.826 денари.

Извршена е рехабилитација на цевковод за водоснабдување од Гевгелија до Богородица, со должина 904 м., во вредност од 3.088.255 денари. Исто така, поставена е нова атмосферка канализација на улиците „Јосиф Јосифовски“, „Ристо Фаршинин“, „Илинденска“ со придружните краци, во должина од 3.560 м., во вредност од 40.255.669 денари. Нова атмосферка канализација е изградена и на улицата „Никола Карев“ и дел од улицата „Серменинска“, во должина од 980 м. и вредност на работите од 12.291.844 денари.

| | опис | количина | Вредност |
|---|---|---|---|
| | | м. | |
| | **Програма за водовод и канализација во Општина Гевгелија** | **11849** | **78,080,107** |
| 1. | Цевковод за водоснабдување до село Негорци и село Прдејци | 6,405 | 24,728,818. |
| 2. | Цевковод за водоснабдување Гевгелија - Богородица | 904 | 3,088,255 |
| 3. | Атмосферска канализација на ул. „Јосиф Јосифовски“ , ул. „Ристо Фаршинин“, ул. „Илинденска“ и околини | 3,560 | 40,255,669 |
| 4. | Атмосферска канализација на ул. „Никола Карев“ и дел од ул. „Серменинска“ | 980 | 12,291,844 |

Во комуналната сфера заложбите подеднакво беа насочени кон намалување на трошоците во мрежата на јавното осветлување, како и за изградба на нови линии. Минатата година, поради новонастанатата ситуација со енергетската криза, Општина Гевгелија презеде навремени мерки за намалување на трошоците за електрична енергија. Притоа, водејќи сметка за ефикасноста на осветлувањето во јавната улична мрежа. За таа цел, беа заменети сите 3.500 натриумови сијалици од 70W со нови лед-сијалици од 18W, кои заменуваат сијалици со моќност од 125W. На тој начин, потрошувачката на електрична енергија е намалена и се заштедени значајни средства.

Инаку, одржувањетона уличното осветлување се спроведуваше редовно и континуирано на подрачјето на целата општина, како во градот, така и во сите населени места во општината, вклучувајќи ги и планиските туристички места: Конско, Хума, Серменин и Смрдлива Вода. Покрај редовното сервисирање, Општина Гевгелија започна со поставување на нови ормари за улично осветлување со целосна апаратура надвор од трафостаниците на ЕВН.

Во 2022, се поставени нови ормари за половина од вкупниот број мерила, со што се овозможува побрза и поефикасна интервенција при дефект во мрежата на уличното осветлување.Поставени се нови лед-рефлектори на училишните игралишта и на игралиштето во кругот на поранешната Касарна. На улица „Индустриска“ во стопанската зона на влезот од Гевгелија изградена е нова линија, со што значително е подобрено уличното осветлување.

Справувањето со кучињата скитници не претставува само комунален, туку и проблем кој ја загрозува безбедноста на граѓаните и заштитата на животната средина. Затоа, во текот на минатата година, се забрза изградбата и уредувањето на стационар за бездомни животни во Гевгелија, кои е во завршна фаза. Активностите за адаптирање на објект за прифатилиште на кучињата скитници се одвиваа согласно стандардите на Агенцијата за храна и ветеринарство. За профункционирање на стационарот во рамките на ЈПКД „Комуналец“ се формира нова организациона единица, која ќе се занимава со третирање на кучињата-скитници.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Заштитата на животната средина беше една од приоритетните активности во Општина Гевгелија. Профункционирањето на Времената депонија и дистрибуцијата и складирањето на комуналниот отпад на локацијата кај Ново Конско придонесе за намалено загадување на градот. Поисполнувањето на сите технички услови и добивањето на Б-интегрираната еколошка дозвола, одлагањето на комуналниот отпад, наместо во старата депонија, се депонираше на Времената депонија, која е изградена со сите неопходни заштитни мерки за околината.

Со ова се создадоа и услови за затворање и ревитализација на старата депонија, чија реализација по склучувањето на договор со новиот изведувач, финишираше. Локацијата на старата депонија кај Сува Река, која предизвикуваше бројни проблеми се уредува во зелена површина, за која цел изграден е уште еден потпорен ѕид, резервоар за собирање на исцедокот од отпадот и покривање на отпадот со геотекстилна мембрана и речна песок. Во завршната фаза, целата површина од депонијата ќе биде засадена со трева, а просторот ќе биде хортикултурно уредено и претворен во зелена површина.

Паралелно, минатата година, Општина Гевгелија во соработка со ЈПКД „Комуналец“ беа организатори на неколку еко-акции за расчистување на комуналниот отпад и за расчистување на дивите депонии крај населените места. Екипи и механизацијата на ЈПКД „Комуналец“ ги расчистија дивите депонии во близина на населените места: Миравци, Смоквица, Серменин, крај патот за Смрдлива Вода. На исчистените локации, по собраниот и отстранетиот смет, поставени се ознаки за забрането фрлање на отпад заради заштита на животната средина.

Истовремено, започна и акцијата за рециклирање на комуналниот отпад, како во градот, така и во населените места. Проектот го спроведуваат ЈПКД „Комуналец“ во соработка со Општина Гевгелија, преку кој, во првата фаза, беа опфатени само домаќинства, додека во 2023 следува испорака на поголема количина, како за домаќинства, така и за правни лица. ЈПКД „Комуналец“ изврши достава на жолти пластични канти од 120 литри до корисниците, овие садови се бесплатни и се наменети исклучиво за одлагање сува хартија (картон), пластика (шишиња, фолии) и метални конзерви (лименки и сл.).

Целта на употребата на „втор сад“ за комунален отпад е со примарна селекција на наведениот домаќински комунален отпад,како би се намалиле количините за транспортна истиот до Времената депонија. Селектираниот отпад од жолтите канти се собира одделно од неселектираниот комунален отпад, а динамиката за подигање на овој тип отпад ќе биде навремено најавена. Во втората фаза од проектот, Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец“ ќе обезбедат поголем број канти со ознака за селекција на ваков тип отпад.

Целта е да биде опфатено секое домаќинство и правно лице на подрачјето на Општина Гевгелија. Покрај активностите од проектот за новиот начин на третирање и управување со отпадот, беше спроведена и кампања за подигање на свеста на граѓаните и значењето на и придобивките од селекцијата на отпадот.

## УРБАНИЗАМ

Обезбедување квалитетни услови за урбано живеење беше една од приоритетните заложби, кое се реализираше преку комуналното уредување на градежно земјиште, урбанистичкото планирање и заштитата на животната средина. За остварување на ваквата политика, Општина Гевгелија настојуваше да излезе во пресрет на барањата и потребите на граѓаните и правните субјекти. Во прв ред, преку навремено и поефикасно решавање, било да се работи за нивните барања согласно општинските надлежности или пак при обезбедувањето на услови за инвестирање.

Општина Гевгелија е меѓу првите општини во земјата која ги применува електронското издавање на одобренија за градба и електронската комуникација со Агенцијата за катастар. Ваквото електронско работење значително влијаеше на ефикасноста и квалитетот на услугите кон граѓаните и правните субјекти. Истовремено, е обезбедена целосна транспарентност и непречена комуникација со граѓаните.

Во Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина на Општина Гевгелија, споредбено со 2021 година, бројот на поднесените и решените барања по разни основи е ист. Во текот на 2022 година, од страна на граѓаните и правните субјекти до ова одделение во постапка се 1.200 барања, а биле решени 666 предмети. Имено, во тековната година се решаваат и заостанатите предмети од претходната година, меѓу кои најголем број на заостанати предмети се поврзани со барањата за легализација на бесправните објекти.

| | Вид на документи | Поднесени барања | Решени 2022 | За решавање | Жалби |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Извод од урбанистички план | 455 | 455 | 0 | |
| 2. | Легализација на бесправно изградени објекти | 2011 г. - 6000 | 78 | 390 | |
| 3. | Одобрение за градење | 41 (16 - останати) | 48 | 9 | 1 |
| 4. | Решение за поставување на урбана опрема | 33 (23 - останати) | 31 | 25 | |
| 5. | Други решенија (промена на инвеститор, измени во тек на градба) | 106 (12 - останати) | 110 | 8 | |
| 6. | Одобрение за градење на земјоделско земјиште | (1 - останати) | 4 | 0 | |

Што се однесува до другите поднесени барања, најголемиот број се решени во законскиот рок. Така, минатата година биле поднесени 41 барање за одобрение за градба (и 16 предмети останати од претходната година), од кои 48 биле решени, со што е овозможена непречена реализација на проектите на инвеститорите. Во најчест случај, издадените одобренија за градба се однесуваат на изградба на станбени згради за домување и на инидивидуални станбени објекти. Од поднесените 33 барања за поставување на урбана опрема (и останатите 23 предмети од претходната година) решени се 31 предмет. Инаку, сите барања за извод од урбанистичкиот план и дописи во кои спаѓаат потврди, уверенија и информации се целосно решени.

Донесувањето на нови урбанистички планови беше еден од приоритетите во изминатата година. Споредбено со претходната година, во 2022 година беа донесени 3 нови урбанистички планови. Во постапка на решавање се 13 урбанистички планови од претходните години, како и 2 УП поднесени минатата година.

| | Донесени Урбанистички планови | Одлука на Совет | Датум |
|---|---|---|---|
| 1. | Детален урбанистички план за Блок 16 - Гевгелија (35,11 ха.) плански период 2014-2024год. | Одлука Бр. 09-267/1 | 28.01.2022 г. |
| 2. | Детален урбанстички план за дел од Блок 10,5 – Гевгелија (1,569 ха.) плански период 2019-2024год. | Одлука Бр. 09-452/1 | 11.02.2022 г. |
| 3. | Урбанистички план за Давидово (62,957 ха.) Плански период 2017-2027год. | Одлука Бр. 09-1362/1 | 31.05.2022 г. |

| | Урбанистички планови во постапка |
|---|---|
| 1. | Измена на Детален урбанистички план за дел од Блок 14.2, КО Гевгелија, (8387-2017) |
| 2. | Детален урбанистички план за дел од Блок 4 (дел од 4.3), КО Гевгелија, (23455-2019) |
| 3. | Детален урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2, КО Гевгелија, (24154-2019) |
| 4. | Детален урбанистички план за Блок 12, КО Гевгелија, (25808-2019) |
| 5. | Детален урбанистички план за Блок 7.2, КО Гевгелија, (25921-2019) |
| 6. | Детален урбанистички план за Блок 11 (11.3) КО Гевгелија, (31225-2019) |
| 7. | Детален урбанистички план за дел од Блок 4.2, КО Гевгелија, (31264-2020) |
| 8. | Детален урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2, КО Гевгелија, (31921-2020) |
| 9. | Измена на УПВНМ Граничен премин Богородица (3158 – 2015) |
| 10. | Урбанистички план за село Негорци, КО Негорци, (21241 – 2019) |
| 11. | Измена и дополнување на дел од Блок 7 од УПВНМ на потег Гевгелија-граничен премин „Богородица“ (23465 – 2019) |
| 12. | Урбанистички план за село Мрзенци Блок 7, 12, 14 и 25,(26722 – 2020) |
| 13. | Урбанистички план за село Миравци, КО Миравци (34086 – 2021) |
| 14. | Детален Урбанистички План за Блок 15. (15.11) (44227-2022) |
| 15. | Измена на Урбанистички план за село Богородица, дел од Блок 5 (44098 – 2022) |

## ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Општина Гевгелија меѓу првите општини ги исполни условите и се стекна со овластување за вршење на работите за располагање со државно градежно земјиште кое се наоѓа во општинска надлежност. Врз основа на Законот за градежно земјиште и Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, на подрачјето на општина Гевгелија, минатата година, во Одделението за располагање со државно градежно земјиште преку електронскиот систем на градежно земјиште беше понудена на продажба една градежна парцела.

Преку спроведување на постапка за електронско јавно наддавање за отуѓување на градежно земјиште, во текот на 2022 година, извршено е отуѓување на градежно

земјиште, согласно Деталниот урбанистички план за дел од  Блок 4 (4.4), со намена за изградба на објект А2- Домување во станбени згради.

| Градежна парцела / Урбан Блок | Намена на градежна парцела | Објавени градежни парцели | Отуѓени градежни парцели |
|---|---|---|---|
| дел од  Блок 4 (4.4) КО Гевгелија | А2- Домување во станбени кзгради | 1 | 1 |

Преку електронскиот систем на градежно земјиште, во текот на 2022 година, поднесени се 27 нови барања од физички и правни лица за отуѓување на државно градежно земјиште со непосредна спогодба. Поголем дел од барањата се за оформување на градежна парцела согласно ДУП и за отуѓување  градежно земјиште врз основа на донесено решение за утврдување на правен статус на бесправен објект.

| **Отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба** | | |
|---|---|---|
| Поднесени барања | Решени | Во постапка |
| 27 | 16 | 11 |

Заради изградба на комунална инфраструктура во општина Гевгелија (општински патишта, улици, водовод, канализација), надлежност на Општината е и поведување постапки за експропријација и воведување право на службеност на земјиште во приватна сопственост  опфатено при изградбата на инфраструктурата. Во текот на 2022 година, со предлог за потполна експропријација и воведување право на службеност, поведени се повеќе постапки и извршена е експропријација на земјиште за изградба на инфраструктурни објектина подрачјето на општината:

| Предлог за експропријација | Извршена експропријација | Вопостапка за расправа |
|---|---|---|
| Цевковод за водоснабдување Негорци – Прдејци | 39 | / |
| ул. „ Новопланирана 9“ во Блок 10.2 | 1 | / |
| ул. „Кожуф“- Гевгелија | 7 | 1 |
| Пристапна улица во Блок 1(1.1) Централно градско подрачје | 1 | / |

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Општина Гевгелија, согласно своите надлежности, врши инспекцискиот надзор, кој е посебно значаен контролен механизам во примената на законските одредби. Особено кога се работи за градежништвото, комуналната и патна инфраструктура и заштитата на животната средина. За поголема ефикасност на овој контролен механизам, настојувањата беа насочени кон поголема присутност на теренот, санкционирање на констатираните неправилности, но и изнаоѓање на соодветни решенија на проблемите кои го забавуваат инспекцискиот надзор. Во прв ред, поголема организираност и екипираност на инспекциските служби, за што веќе се преземени одредени активности. Инспекцискиот надзор во општината се врши од страна на лиценцирани инспектори, со нагласена отчетност и поголема ефикасност што треба да придонесе за поголема ефективност на инспекцискиот надзор.

**Комуналната инспекција,** во текот на 2022 година, има извршено 59 надзори, констатирано 5 неправилности, контроли за што се изготвени записници и преземени соодветни мерки согласно законските одредби. Во рамките на своите надлежности комуналната инспекција, врз основа на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, заради отстранување на дефект или приклучување на водоводна и канализациона линија има изготвено 5 записници. Притоа, се донесени 5 решенија за отстранување на неправилностите и 5 заклучоци за запирање на постапката. Од областа на јавната чистота, направени се 28 контрола, за што се донесени 28 записници и исто толку решенија. Решенијата се за отстранување на хаварисани возила од јавната површина како и за отстранување на смет, песок, шут.

Според Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води изготвени се 8 записници, а по истите се издадени и решенија. Исто така, изготвени се 12 записници и решенија за отстранување на поставена опрема или прибавување на решение од надлежниот орган на општината за вршење на дејност пред деловен објект и изложена трговска стока. По извршените контролни надзори донесени се 52 записници за запирање на постапката. Притоа, се издадени два прекршочни налози, од кои 3 за правно лице и 2 за физичко лице. Врз основа на Законот за комунални дејности и Одлуката за комунален ред на општина Гевгелија, направени се 6 контроли, за што се донесени 9 записници и исто толку решенија за отстранување на ситна и крупна стока и живина од урбаната средина. Постапката е запрена поради отстранување на утврдените неправилности.

| Видови на донесени акти | 2021 | 2022 | |
|---|---|---|---|
| | | Записници | Решенија |
| Решение за отстранување дефект или приклучување на водоводна и канализациона линија | 5 | 5 | 5 |
| Решенија по Законот за јавна чистота (отпадни води, хаварисани возила, песок, шут и сл.) | 6 | 28 | 28 |
| Поставување на урбана опрема и трговска стока пред деловни објекти за вршење дејност | 13 | 12 | 12 |
| Отстранување на ситна и крупна стока и живина од урбаната средина | 4 | 9 | 9 |
| Прекршочен платен налог по ЗЈЧ | 1 | 2 | 2 |
| Барање за поведување на прекршочна постапка | | | |
| Заклучок за отфрлање на барање поради неоснованост или ненадлежност | | 3 | 3 |
| Закон за урбано зеленило | 1 | | |
| Контролен записник за запирање на постапката | 3 | 52 | 7 |
| Вкупно | | 59 | |

**Овластениот градежен инспектор** својата работа ја насочи кон инспекциски надзор напримената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на овој закон. Инспекцискиот надзор се вршеше над градби од локално значење, кои во Законот за градење се дефинирани како градби од втора категорија. Оттука, согласно законската регулатива, инспекцискиот надзор се однесуваше на градбите што се градат со одобрение за градење или се градат бесправно. Основа за поведување на инспекциска постапка беше бесправната градба, односно градбата која се изведуваше без одобрение за градење и градба која се градеше спротивно на одобрението за градење и одобрениот основен проект. Ваквите незаконски појави се присутни во општината, поради што се наметна потребата од поголема присутност на теренот и екипираност.

Во извештајниот период, овластениот градежен инспектор ги има изработено, односно издадено следните записници и инспекциски акти :

| Видови на донесени акти | 2022 |
|---|---|
| Записници за констатација | 23 |
| Увиди во документација на издадени одобренија за градење | 19 |
| Донесени решенија за запирање (прекинување) на град | 3 |
| Привремено затворено градилиште | 1 |
| Испратени писмени известувања до подносители | 21 |

**Овластениот инспектор за патен сообраќај**,минатата година, ги извршуваше работните задачи согласно овластувањата и одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај. Притоа, беа контролирани превозниците во општинскиот линиски превоз на патници, односно авто-такси превозот, општинскиот линиски превоз и посебниот линиски превоз на патници во општина Гевгелија.

Направени се 43 инспекциски надзори, составени 36 записници за најдената моментална состојба, при што се за отстранување на недостатоците. Исто така, до надлежните судови се поднесени пријави поради откриени неисправности во вршење на превозот кај одредени превозници. Во 2022 година, изготвени се и 9 предмети, врз основа на поднесените барања за Сертификат за авто-такси возач.

| Видови на донесени акти | број |
|---|---|
| Инспекциски надзори | 43 |
| Составени записници | 36 |
| Донесени решенија | 32 |
| Поведени постапки за порамнување | 14 |
| Поведена прекршочна постапка | 4 |

## ОБРАЗОВАНИЕ

Во учебната 2021/2022 година во Општинските основни училишта и Средноучилишниот центар беа запишани 2.696 ученици. Новата учебна година започна на 1 септември во сите пет основни училишта и средно-училишниот центар во Општина Гевгелија, каде што беа запишани 683 ученици, а наставата се одвиваше согласно здравствените протоколи. За прв пат, во училишните клупи седнаа и новозапишаните 232 првоодделенци, кои наставата ја следеа со физичко присуство.

| Училиште | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|
| СОУ „Јосиф Јосифовски“ | 640 | 695 | 683 | 636 |
| ООУ „Крсте Мисирков“ | 763 | 776 | 821 | 831 |
| ООУ „Владо Кантарџиев“ | 760 | 746 | 734 | 738 |
| ООУ „Климент Охридски“ | 153 | 153 | 148 | 135 |
| ООУ „Ристо Шуклев“ | 183 | 186 | 181 | 189 |
| ООМУ „Васо Карајанов“ | 144 | 140 | 135 | 146 |
| **Вкупно** | **2643** | **2696** | **2702** | **2675** |

По завршетокот на учебната 2021/2022 година, традиционално во гевгелиските Основни училишта и Средното училиште во деветтите одделенија, беа прогласени првенците на генерацијата. Според Правилникот за избор на првенец на генерација и исполнетите критериуми во текот на основното образование, за првенци на генерацијата во основните училишта беа прогласени четворица ученици, а во СОУ „Јосиф Јосифовски“ и во ООМУ „Васо Карајанов“ по еден ученик. Градоначалникот на општина Гевгелија, првенците во основното образование ги награди со по 10.000 денари, а првенецот на генерацијата во СОУ„Ј.Јосифовски“ со 15.000 денари.

По распишан Конкурс за академската 2021/22 година беа доделени пет стипендии на студенти запишани на Медицинските факултети - насока општа медицина, жители на општина Гевгелија. Износот на стипендијата изнесува 5.000 денари и се доделува за 10 месеци. Во студиска 2022/23 година, по распишан Конкурс, беа доделени 9 стипендии за студенти жители на општина Гевгелија, и тоа, пет стипендии на студенти запишани на Медицинските факултети во РСМ- насока Општа медицина и четири стипендии за студенти запишани на Машинските и Електротехничките факултети во земјата. Износот на стипендијата изнесува 6.000 денари и се доделува за десет месеци.

Во текот на минатата година, во сите училишта беа реализирани редовни санациони зафати, како и набавка на потребните нагледни средства. Исто така, во сите училишта беа реализирани и повеќе проекти, кои значително ги подобрија условите за квалитетна настава. Притоа, набавени се нов мебел, нагледни средства, а обезбедени се и поволни услови за инвалидизираните ученици. За таа цел, во 2022 година година, во петте Основни училишта и во Средноучилишниот центар „Јосиф Јосифовски“ во општина Гевгелија беа вложени 8.839.351 денари. Најголемиот дел од средствата беа заштедени од блок-дотации, но дел од средствата беа обезбедени и од Општинскиот буџет.

| Училиште | Инвестициони активности | денари |
|---|---|---|
| **СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија** | Наставно-образовни помагала (опрема на кабинет за здравствена струка) | 589.303 |
| | Ентериерно и партерно уредување во спортска сала, звучна изолација на училници и бетонирање на патеки шахти во училишен двор | 1.101.175 |
| | Набавка на фотокопири, печатач, 3 телевизори и телескоп | 286.626 |
| | Набавка на ормари за средства за хигиена | 80.712 |
| | Ентериерно уредување на угостителска сала | 1.600.000 |
| | **Вкупно:** | **3.657.816** |
| **ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија** | Молеро фарбарски работи во ЦУ | 436.714 |
| | Столарија во кујна | 58.000 |
| | Набавка на 3 интерактивни табли | 106.500 |
| | Набавка на 80 ученички столчиња | 93.565 |
| | Набавка на 26 ученички клупи | 81.091 |
| | Набабака на 3 телевизори | 58.516 |
| | **Вкупно:** | **834.386** |
| **ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија** | Набавка на лектири | 19.963 |
| | Набавка на автоматизиран звон | 14.160 |
| | Набавка на ормари за училници | 64.480 |
| | Набавка на 2 принтера | 11.000 |
| | Сервис, штелување на парен котел и набавка на прогр. за парен котел | 38.763 |
| | Набавка на нагледни средства за спортска сала | 54.080 |
| | Набавка на 4 интерактивни табли | 142.000 |
| | **Вкупно:** | **344.446** |

| | | |
|---|---|---|
| **ООУ „Климент Охридски“- Миравци** | Реконструкција на покривот<br>Набавка на ученички клупи<br>Набавка на принтер, три телевизори, фотокопир, клима<br>Набавка на нагледни средства<br>Набавка на мебел (шкаф)<br>Одобрена Реконструкција на кровот во ПУ Милетково<br><br>**Вкупно:** | 1.422.773<br>30.680<br>148.443<br>55.907<br>30.000<br>1.700.000<br><br>**3.387.803** |
| **ООУ„Ристо Шуклев“- Негорци** | Реконструкција на парното во ПУ Прдејци<br>Мебел за една училница и библиотека<br>Поставен ламинат во училници<br>Промена на дупла врата на една училница<br>Ограден училшниот двор во ПУ- Кованец<br>Уредување на училишниот двор во ПУ Кованец<br><br>**Вкупно:** | 50.000<br>34.000<br>62.000<br>36.900<br>42.000<br>10.000<br><br>**234.900** |
| **ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија** | Замена на покрив на помошен објект<br>Реновирање на санитарни јазли<br>Бојадисување на фасада<br>Замена на дрвенарија<br>Поправка и реновирање на подот<br>**Вкупно:** | 100.000<br>100.000<br>60.000<br>60.000<br>60.000<br>**380.000** |

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Општина Гевгелија, минатата година, презеде повеќе мерки и активности за надминување на социјалните проблеми на ранливите категории на граѓани. За таа цел, од Буџетот на Општина Гевгелија, преку Програмата социјалната заштита и заштита на децата за 2022 година, за поддршка на социјално-ранливите категории на граѓани беа издвоени 3.153.848 денари. Најголемиот дел од овие средства - 1.110.000 денари се исплатени за еднократна парична помош за 168 новороденчиња, за еднократна парична помош на 133 жители на општина Гевгелија се исплатени 594.000 денари, како и за обезбедување превоз на 11 лица со попреченост од општина Гевгелија кои го посетуваат Дневниот центар за лица со попреченост во Гевгелија.

| Активност | Поднесени барања | Вкупно новороденчиња | | Прво дете | | Второ дет | | Трето дете | | Четврто дете | | Шесто дете | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Еднократна парична помош за новороденче* | *160* | *168* | | *92* | | *59* | | *15* | | *1* | | *1* | |
| | | *м* | *ж* | *м* | *ж* | *м* | *ж* | *м* | *ж* | *м* | *ж* | *м* | *ж* |
| | | *78* | *90* | *50* | *42* | *22* | *37* | *4* | *11* | *1* | *0* | *1* | *0* |
| *Вкупно исплатени средства* | | *1.110.000 ден.* | | *552.000 ден.* | | *354.000 ден.* | | *180.000 ден.* | | *12.000 ден.* | | *12.000 ден.* | |

| Активност | Поднесени барања | М | Ж | вкупно исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| *Еднократна парична помош на жители на општина Гевгелија* | *148 / 133* | *76/68* | *72/65* | *594.000 ден.* |

| Корисници на еднократна парична помош по категории | вкупно | М | Ж |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Невработени* | *30* | *20* | *10* |
| *Корисници на право на гарантирана минимална помош* | *21* | *12* | *9* |
| *Родители на лица со посебни потреби* | *5* | *2* | *3* |
| *Здравствена причина* | *77* | *34* | *43* |

Покрај овие мерки,Општина Гевгелија во 2022 година, субвенционираше 25 лица корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија, кои ја плаќаат сметката за вода, која не надминува повеќе од 20 метри кубни месечно, врз основа на доставено барање од ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за платената фактура. Исто така, Општина Гевгелија обезбеди превоз на 12 лица со посебни потреби, кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија. За таа цел, од општинскиот буџет беа издвоени 700.600 денари, а превозот се организираше по претходно спроведена тендерска постапка.

Во ЈУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“ во Гевгелија, беше воведенанова бесплатна услуга за деца за превентивни активности, едукација и третирање на проблеми во вербалната комуникација. За таа цел, од февруари, 2022 година, се ангажираше еден логопед кој спроведуваше групна, индивидуална и окупациска терапија за отстранување на говорните општетувања кај децата. Поради пројавениот интерес и зголемениот број на пријавени деца, од месец март беше ангажирано уште едно лице.

| Активност | Вкупно корисници | М | Ж | исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| *Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење на корисници на ГМП/ социјална пензија* | *25* | *12* | *13* | *72.748 ден.* |
| *Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потребиа* | *12* | *11* | *1* | *700.600 ден.* |
| *Превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација на деца* | *42* | *25* | *17* | *332.950 ден.* |

Со потпишувањето на договорот меѓу Општина Гевгелија и Министерството за труд и социјална политика започна реализацијата на проектот за доградба на Детската градинка „Сончогледи“ во Гевгелија. Со доградбата, која треба да заврши за 14 месеци, ќе бидат обезбедени 8 нови занимални и простор за згрижување на уште 135 деца. За градежно-занаетчиските работи Министерството за труд и социјална политика треба да обезбеди 49.024.779 денари, а Општина Гевгелија за приклучоци за електрична енергија, водовод, канализација и греење, како и партерно уредување и опремување на објектот, требада обезбеди 8.496.009 денари.

Општина Гевгелија спроведуваше и други активности, согласно Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите, но и во другите буџетски програми. Пред сè, за финансирање на спортските активности, на проекти од областа на културата, активностите од областа на социјалната заштита и работата на Локалниот младински совет.

## КУЛТУРА

Минатата година, беа одржани над 70 настани од областа на културата, во Општина Гевгелија. За разновидноста и богатиот културен живот во 2022 година, секако, придонесоа општинските махифестации – „Спасовден“, „Гевгелиско културно лето“, Седмоноемврискатa културна програма. Но, и 41. реализирани културни проекти, манифестации и активности на физички и правни субјекти, кои беа финансиски поддржани од Општина Гевгелија. Меѓу нив и традиционалните културни манифестации - 20.издание на „За тебе љубов моја“, 14. Мултимедијален „Бош Фестивал“, фолклорната манифестација „Ѓура Мара“, Меѓународниот натпревар по пијано. За богатиот културен живот значаен беше и придонесеот на ЈОУ Дом на култура „Македонија“, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, Пионерски дом, како и Националната установа Народен музеј- Гевгелија, преку успешната реализација на своите програми за работа.

ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, во 2022 година, на гледачите им понуди богата театарска сезона со гостувања на домашни театри и театарската претстава „Име“ во сопствената продукција. Но, и претстави за деца подготвени од Драмската секција, разновидни изложбени поставки, изложби наликовни дела, фотографии, на живи скулптури, музички концерти на џез, класична и музика на реномирани музички уметници, настапи на Националната Опера и Балет со балетските претстави „Ла, ла, ла“ и „Болеро“, оперски арии и богата филсма програма.

За љубителите на пишаниот збор, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, организираше неколку литературни вечери и поетски читања. Патрониот празник на Библиотеката- 150 години од раѓањето на Гоце Делчев беше одбележан со Поетска вечер со Никола Маџиров, во Гевгелија бешеодбележана75-годишнината од формирањето на ДПМ, одржан Летен саем на книгата и промоции на книги.

Пионерскиот дом беше организатор на „Априлијада 2022 година“, Мултетничкиот фолклорен фестивал „Фолклорен ѓердан“, но и со изложби на фотографии, како и фотопортрети на 20 лица со посебни потреби.Активен придонес во културното живеење во Гевгелија дадоа и фолклорните групи од Општина Гевгелијасо одржаните годишни, јубилејни и новогодишни концерти. Но, и повеќе други здруженија и поединци, кои со финансиска поддршка на Општина Гевгелија ги реализираа своите проекти.

На инфраструктурен план, реализирани се и одобрени се средства за реализација на неколку значајни проекти, кои ќе придонесат за вистинско културно заживување во населените места. Прдејци доби модерно здание и современо опремен Младински дом за одржување на јавни, младински и културни настани. Објектот се протега на површина од 580 м.² и располага со голема сала и придружни простории. Изградбата на Младинскиот дом започна пред повеќе од три децении, но реконструкцијата беше завршена со пренаменетите средствата од ТАВ, како и дополнителните 6.994.800 денари, за внатрешно и надворешно уредување, обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија.

Акцијата за реконструкција на поранешните културни домови во населените места во Општина Гевгелија, продолжува во Моин, каде што ќе биде реконструиран Домот на културата. За таа цел, беше потпишан Договор за реконструкција соЦентарот за развој на ЈИПРза реализација на проектот, чија вкупна вредност изнесува 13.551.139 денари. Од Бирото за регионален развој се доделени 11.412.761 денар, а Општина Гевгелија во реализацијата на проектот ќе учествува со 2.138.378 денари од Буџетот за 2023 година.

## СПОРТ

Минатата година, Општина Гевгелија во областа на спортот направи значаен исчекор, како во поглед на одржаните домашни и меѓународни спортски настани, така и во спроведената акција за ревитализација и целосна обнова на спортските терени во Гевгелија и во населените места. Гевгелија се афирмира како успешен домаќин на меѓународни кошаркарски натпревари, заздеде значајно место на атлетската мапа во регионот, а ги врати велосипедистите во огромен број на гевгелиските улици. Финансиската поддршка од Општина Гевгелија, преку Програмата за поддршка на спортските активности и настани, беше значаен поттик за ваквата спортска афирмација на Општина Гевгелија.

Во рамките на акцијата за ревитализација на спортските терени, Гевгелија доби ново мултифункционално игралиште за фудбал, кошарка и ракомет во Градскиот стадион во Гевгелија. Старото ракометно игралиште крај ДТВ „Партизан“ беше целосно уредено со нова асфалтна покривка, нова тартан подлога, ново оградување по сите стандарди, а беа поставени капии за фудбал и кошеви за баскет. Целосно беше уредено и кошаркарското игралиште „Иван Пенов“ во јужниот дел на Гевгелија, беше поставена нова полипропиленска подлога по сите FIBA стандарди, која е UV стабилна.

| Активност | м.² | Вредност/Извор. |
|---|---|---|
| **Реконструкција на отворено кошаркарско игралиште „Иван Пенов“** | 608м.² | 2.091,942<br>Општина Гевгелија |
| **Реконструкција на мултифункционално игралиште ракомет, фудбал и кошарка" ДТВ„Партизан“,** | 1.112м.² | 3.284.792<br>990.440<br>Државна видео- лотарија<br>Општина Гевгелија |

Целосна ревитализација беше извршена на мултифункционалното игралиште кај поранешната Касарна, оштетените спортски реквизити беа заменети со нови, а беше санирана и оштететнатата ограда и влезната врата на овој спортско-рекреативен центар.Исто така, беше извршена целосна рехабилитација на спортско- рекреативниот центар Динќут, кај Гевгелија. Беа санирани оштетувањата на спортските реквизити и урбаната опрема на излетничкото место. Во рамките на акцијата за ревитализација на спортските терени во Општина Гевгелија, беше извршена и обнова на фудбалските игралишта во Миравци, Прдејци и Мрзенци. Покрај санацијата на терените, извршена е и замена на оштетената опрема, се со цел на граѓаните од овие населени места да им се обезбедат солидни услови за спорт и рекреација.

Гевгелија, минатата година, се афирмира како значаен спортски центар, како поради меѓународните кошаркарски натпревари, така и поради атлетските трки. На втората по ред атлетска трка NOVEMBER RUN GEVGELIJA 2022 учествуваа 1.400 возрасни атлетичари од Македонија, Србија, Грција, Косово, Албанија, Полска, Австрија, Бугарија, Холандија, Италија и Швајцарија. Додека пак, на третото по ред спортско дефиле „Гевгелија на точак“ учествуваа скоро 1.000 граѓани со своите велосипеди. За поттик на рекреативните спортови, Општина Гевгелија исплати субвенции во висина од по 4.500 денари на 100 граѓани, кои набавиле велосипед. Во рамките пак на проектот „Гевгелија Вело град“, кој го спроведува АМД „Дичо Панов“ заедно со Општина Гевгелија, започнаа подготвителните активности за афирмација на велосипедизмот и уредување на петкилометарската патека на која што ке биде организиран натпреварот „Велотон“.

## МЛАДИ

Општина Гевгелија формираше Локален младински совет, согласно Законот за младинско учество и младински политики, на локално ниво. Во него партиципираат 5 млади и надежни граѓани од Општина Гевгелија на различна возраст, од различни младински организации, кои работат со млади, чија примарна цел е подобрување на статусот на младите на локално ниво преку преземање конкретни мерки и активности во соработка со Општина Гевгелија и граѓанскиот сектор. За формирање на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, согласно насоките во Прирачникот за локални младински совети, распиша Јавен повик за избор на членови во Локален младински совет. По конституирањето, делегатите на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, го избраа Локалниот младински совет. По донесената одлука, Советот на Општина Гевгелија го верификуваше мандатот на членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија.

Локалниот младински совет започна со активностите за афирмација на младинското тело на Општина Гевгелија и зајакнување на соработка со младите од општина Гевгелија, со цел застапување на интересите и реализирање активности согласно нивните предлози, иницијативи и идеи. Пред младите беа презентирани надлежностите на младинското тело и усвоената Програма за работа, а претстои изработката на Стратегијата за млади на Општина Гевгелија и акциониот план за реализација на активности од значење за младите во областа на спортот, културата, неформалната едукација, заштита на животната средина.

Во текот на минатата година, беа организирани неколку курсеви за деца на определена возраст во повеќе области, согласно пројавениот интерес. Во Домот на културата во Гевгелија се одржуваа групни часови за учење на свирење на гитара и бас-гитара, кои во првата сесија ги посетуваа над 20 деца, на возраст од 9 до 15 години. По петмесечното вежбање на групните неделни часови, младите гевгеличани го одржаа и својот прв концерт.

Исто така, при Домот на културата успешно работи и Детската драмска секција, со учество на над 50 деца од 6 до 14 години, кои пред публиката ги претставија стекнатите актерски вештини со учеството во три претстави. Над 40 млади луѓе ја посетуваа Летната ликовна школа, а резултатите ги презентираа на Завршната изложба на ликовните дела.

За одбележување е и вонучилишната активност на младите, кои преку повеќе проектни и воннаставни активности придонесуваат за сопствена едукација и ангажирано учество во реализацијата на своите иницијативи и идеи. Со поддршка на Општина Гевгелија, започна реализацијата на проектот „Врснички форум театар против насилство во училиштата“, кој го третира проблемот на врсничко насилство во училиштата. Учесниците од ООУ „Климент Охридски“ од Миравци и СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија обезбедија грант од Министертвото за образование и наука за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во основните и средните училишта.

Учениците во СОУ„Јосиф Јосифовски“ продолжија со секојдневните мерења и внесувањето податоци во рамките на GLOBE програмата на моменталната температура на воздухот, минималната и максималната температура во текот на едно деноќие, влажноста на воздухот, атмосферскиот притисок и врнежите. Притоа, на располагање имаат две метеоролошки куќички со потребните инструменти.

## ТППЕ

Во противпожарната заштита во општина Гевгелија, во 2022 година, е направен значаен исчекор во подобрувањето на квалитетот на услугите – констатира Словенечкиот институт за квалитет при последната контрола на примената на ИСО 9001:2015 во општина Гевгелија. За тоа, придонесоа активностите и ангажирањето на професионалната ТППЕ- Гевгелија насочени кон три основни задачи: превентивно и навремено локализирање на пожарите, континуирана обука на пожарникарите и едукација на населението, како и опремување на противпожарната единица. На сите овие три пункта, во текот на минатата година, беа забележани успешни резултати.

Во 2022 година, на подрачјата на општините Гевгелија, Богданци и Дојран, која територија ја опслужува ТППЕ- Гевгелија се случиле 129 пожари, кои биле локализирани. Од нив, 71 пожар се случил на отворен простор, при што била опожарена површина од 854,4 хектари, 38 пожари биле на објекти, 10 пожари се случиле на сообраќајни средства, а евидентирани се уште 10 други пожари. Причината за 34 пожари била невнимание, кај 80 пожари причината е човечкиот фактор, кај 2 природна, додека причината за 13 пожари е неутврдена. Најмногу од пожарите, се случиле во месеците јуни, јули,август, како резултат на високите летни температури. Во споредба со 2021 година, минатата година, на територијата што ја покрива ТППЕ- Гевгелија се случиле 53 пожари помалку.

| Пожари | Број на пожари | | | Матријална штета | | | Повредени/загинати лица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| **Објекти** | | 38 | 38 | / | / | / | 2 заг. | 4 пов. | 6 |
| **Отворено** | | 71 | 71 | / | / | / | / | / | / |
| **Сообраќајни средства** | | 10 | 10 | / | / | / | / | / | / |
| **Друго** | | 10 | 10 | / | / | / | / | / | / |
| ***Вкупно*** | | 129 | 129 | / | / | / | 2 | 4 | 6 |

Најголем број на пожари лани се случиле во објекти и на отворено во приватна сопственост (79), а помалку во објекти во државна сопственост. Покрај интервенциите за локализирање на пожарите, ТППЕ- Гевгелија вршела и други технички интервенции, што несомнено укажува на оспособеноста и нејзината техничка опременост.

| Вид на технички интервенции | број | Учесници | | |
|---|---|---|---|---|
| | | П-возила | Поажарн икари | Други |
| Сообраќајни несреќи | 4 | 4 | 14 | / |
| Испумпување на вода од полавени простории | / | / | / | / |
| Спасување на луѓе од височини/длабочини | 1 | 1 | 3 | / |
| Отворање на заклучени простории | 2 | 2 | 7 | / |
| Санација на состојби по несреќи | 3 | 3 | 6 | / |
| Инциденти со опасни материии | / | / | / | / |
| Осветлување на терени | / | / | / | / |
| Друго | 2 | 2 | 3 | / |
| **ВКУПНО** | **12** | **8** | **17** | **/** |

Ваквата оспособеност се постигнува со континуирано стручно усовршување и оспособување на работниците во оваа единица. Значајно влијание на мобилноста и ефикасноста на ТППЕ- Гевгелија се воведените редовни обуки на пожарникарите кои се одвиваа во текот на минатата година. Обуката се реализираше според Годишниот план за обука и усовршување.

| Наставна единица | Планирани часови | Реализирани часови |
|---|---|---|
| ПП Тактика | 33 | 33 |
| ПП Справа и опрема | 22 | 22 |
| Прописи за заштита од пожари | 05 | 05 |
| Практични вежби | 60 | 60 |

За успешноста и ефикасноста на ТППЕ- Гевгелија од посебно значење е опременоста на пожарникарите и обновувањето на опремата. ТППЕ- Гевгелија доби ново теренско возило со водна пумпа за справување со пожари, кое значително ќе ја зголеми ефикасноста при справувањето со пожари. Возилото е донирано од страна на Дирекцијата за заштита и спасување, која, исто така, донираше две електрични пумпи, агрегат за производство на електрична струја, рефлектор, како и две црева. ТППЕ- Гевгелија доби нова опрема за дејствување и гаснење на шумски пожари, обезбедена во рамките на проектот што го реализираа Општина Гевгелија и Советот на ЈИПР, со финансиска поддршка од ИПА-Програма за прекугранична соработка со Република Бугарија, во висина од 1.350.000 денари. Обезбедени се 27 комплети на лична заштитна опрема за шумски пожар, како и моторна пила, преносна моторна пумпа и црева. Покрај ова, ТППЕ- Гевгелија е опремена и со опрема за спасување од поплави. Со набавената и донираната опрема, значителносе подобрени капацитетот и ефикасноста на ТППЕ- Гевгелија за справување, не само со пожари, туку и со поплави.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Општина Гевгелија е меѓу најтранспарентните инситуции во земјата, чија активна транспарентност изнесува 92,9 од 100%, покажа истражувањето на Центарот за граѓански комуникации за мерење на степенот на активна транспарентност на државните институции за 2022 година. Со ваквиот процент, Општина Гевгелија се наоѓа во групата институции со „многу добра“ активна транспарентност, односно исполнување на обврските од 80% до 100%. Од испитаните 98 државни институции, Општина Гевгелија е рангирана на 13 место, а меѓу Општините од Југоисточниот Регион, е на високото 2 место. Тоа е најдобра потврда за транспарентноста на Општина Гевгелија, достапноста на сите активности, извештаи, програмски и други документи за граѓаните, но и примената на новите алатки за целосна транспарентност.

Минатата година, во рамките на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, Општина Гевгелија е оценета со 11 индексни поени во мерењата на степенот на фискална транспарентност за периодот 2021/2022 година. Општина Гевгелија од општините во Југоисточниот Регион, кои се партнер-општини на овој проект, се класифицира во локалните самоуправи со добар пример за отчетност кон граѓаните.Во однос пак на интензитетот на даночната транспарентност кај ЕЛС, Општина Гевгелија со 55% спаѓа во општините со висок степен на транспарентност, а го дели првото место со Општина Валандово од општините во Југоисточниот Регион.

Во текот на 2022 година, до Општина Гевгелија пристигнале 20 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Барањата биле поднесени од 8 физички и 10 правни лица од целата земја. Најголемиот број од барањата се однесуваат на структурата на вработени во општинската администрација (податоци за раководни лица, образование, статистички податоци по пол, националност, плати и контакт-податоци) и информации за младинските политики и учество на младите во општествениот живот. На сите 20 барања, надлежниот државен службеник за слободен пристап до информации, заедно со општинските служби, одговориле позитивно.

Една од електронските алатки за транспарентност во општина Гевгелија е Систем 48, чија ефикасност и отчетност беше значително подобрена, во поглед на ефикасноста на решавањето на пријавените барања од граѓаните, но и преку увид на теренот за нивна реализација. Општина Гевгелија преку Систем 48 им овозможува на граѓаните телефонски или по електронски пат да ги пријават проблемите, чие решавање е во надлежност на Општината. Поточно, по пријавеното барање, надлежните општински служби и ЈПКД „Комуналец“ пристапуваат кон решавање на барањето и доставуваат одговор за преземените мерки, во рок од 48 часа. Доколку пријавениот проблем не е во надлежност на локалната самоуправа, ги упатуваат граѓаните до надлежните државни органи и институции за негово решавање.

Минатата година, преку Систем 48 до Општина Гевгелија пристигнале вкупно 292 барања од граѓани на општина Гевгелија. Од нив, 236 се решени, 34 се одложени, а 22 се во фаза на постапување. Најголемиот број на барања се однесуваат за интеревенции во уличното осветлување 148, од кои 136 се решени. Од вкупно поднесените барања, 76 се од делокругот на работењето на ЈПКД „Комуналец“, а од нив 68 се решени, додека 36 барања се однесувале за надзор од општинските инспектори, од кои 30 биле решени. Од пријавените 32 барања за интервенции во патната инфраструктура биле решени само 2. Оттука и потребата за поголема отчетност и координираност на надлежните општински служби во врска со поднесените барања од страна на граѓаните преку Систем 48.

# СИСТЕМ 48
## - Резултати од 01.01.2022 – 31.12.2022 -

### ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА

| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Јавно осветлување** | | 12 | 136 | 148 |
| **Комунални работи и локални патишта** | 4 | 7 | 21 | 32 |
| **Инспекциски надзор** | 1 | 5 | 30 | 36 |
| **ЈКПД Комуналец** | | 8 | 68 | 76 |
| **Вкупно** | **5** | **32** | **255** | **292** |



## *ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА ОДДЕЛЕНИЈА*

| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Одделение за комунални работи и локални патишта** | **4** | **7** | **21** | **32** |

***ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ***




| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Одделение за инспекциски надзор** | **1** | **5** | **30** | **36** |

***ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ***



| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Јавно осветлување** | | **12** | **136** | **148** |

***ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ***




| ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
| **ЈКПД Комуналец** | | **8** | **68** | **76** |

***ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ***



## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Општина Гевгелија, изминатава година, оствари успешна меѓународна соработка, во рамките на редовните средби и размена на искуства со дипломатските претставници на повеќе европски земји. Но, и преку зголемена комуникација и соработка со меѓународните фондации и институции околу реализацијата на неколку проекти. Продолжија и заедничките средби со збратимените општини, и тоа, не само преку размена на посети, туку и зголемена културна размена.

Градоначалникот на Општина Гевгелија во текот на годината беше домаќин и оствари средба со францускиот амбасадор во нашата земја, Н.Е. Сирил Бомгартнер, на која беа разменети искуства за актуелната политичка состојба во Македонија и за процесот на пристапување кон ЕУ. Во фокусот на посетата, беше и изучувањето на францускиот јазик и култура во училиштата во општина Гевгелија. Од страна на францускиот амбасадор беше нагласена заинтересираноста за поголема економска соработка на Република Франција и Општина Гевгелија, особено, за поголема туристичка промоција на Општина Гевгелија во Република Франција.

На средбата со амбасадорката на Швајцарија во нашата земја, Н.Е. Вероник Улман, се разговараше за тековните активности во Општина Гевгелија за подобрување на условите за живеење на граѓаните, како и за продлабочување на соработката меѓу Општина Гевгелија и Швајцарската амбасада. Особено, ако се имаат предвид искуствата и резултатите од новата Прочистителна станица за отпадни води во Гевгелија, чија изградба се реализираше со поддршка од Швајцарија, како резултат на трилатералната соработка помеѓу Владите на Швајцарија, Грција и Македонија.

Градоначалникот на општина Гевгелија, минатата година, оствари работна средба и со амбасадорот на Република Чешка, Н.Е. Јарослав Лудла, на која покрај другото стана збор и за соработката и придонесот на Амбасадата на Република Чешка од аспект на прекуграничната безбедност. Притоа, беше потенцирана важноста на улогата на чешките полициски службеници во надзорот и контролата на македонско-грчката граница, на преминот „Богородица", кои ги вршат заедно со домашната погранична полиција. На средбата се разговараше и за можностите за проширување на соработката со Чешката Република во повеќе сегменти и размена на искуства.

Општина Гевгелија ја продолжува соработката со збратимените општини, со посебна заложба за проширување и унапредување на соработката.На тој начин се создаваат можности за размена на искуства, но и креирање на заеднички проекти и настап пред европските програми. Ова беше нагласено на гевгелиската средба, по повод Општинскиот празник - 7 Ноември, од страна на челниците на збратимените општини Јабланица, БиХ, Инџија, Република Србија, Севлиево, Република Бугарија, како и од пријателските општини Разлог, Република Бугарија, Гвозд, Република Хрватска и Велика Кладуша, БиХ. Но, и за време на престојот на општинските делегации во Сежана, Република Словенија, и Јабланица, БиХ, каде што беа договарани и поконкретни активности.

## ПРОЕКТИ

Една од приоритетните активности, изминатава, година беше изработката на проекти за успешно аплицирање пред домашните и меѓународните агенции, фондации и програми. Од повеќето аплицирани проекти, 14 се одобрени и нивната реализација ќе уследи во 2023 година. Станува збор за проекти од разни области, во вкупна вредност од 148.056.865 денари, кои значително ќе придонесат за развојот на Општина Гевгелија. Пред се, за развојот на социјалните услуги, преку обезбедување на лични асистенти со попреченост во Општина Гевгелија.

Но, ипроширување на условите за згрижување на најмладите, реконструкција на Домовите на култура во Богородица и Моин, поставување на урбана опрема и обука на младите луѓе. Еден од таквите проекти е „Иновации, развој и вработување во земјоделско - прехранбениот сектор“ (ИДЕАС), чија цел е младите кадри да ги користат алатките на т.н. паметно земјоделство. Проектот се имплементира со поддршка на ИПА-ППС со Грција, а ФЛОРИТ- Гевгелија е водечки партнер, додека останатите партнери се “American farm school” од Солун и Мрежата за рурален развој на РСМ. Покрај обуките за воведување на добра земјоделска пракса, за безбедност на храна, за системи со управување со HACCP и ISO 22000, во рамките на проектот ќе биде поставена нова метеоролошка станица за обезбедување на податоци за воведување на иновации во земјоделството, како и 29 модули со интегрирани сензори за мерење на температура и влажност на воздух, атмосферскиот притисок, температура и влажност на почвата.

За модернизација на стручното образование и уредување на Иновативниот центар и бројните активности за оспособување на стручните кадри на СОУ„Јосиф Јосифовски“ му се доделени 507.000 евра од страна на на RCF (Regional Challenge Fund) – Регионалниот фонд за предизвици. СОУ „Ј.Јосифовски“ е едно од четирите средни училиште и два факултета на национално ниво што успеја да добијат грант, од вкупно 123 апликации од 6 држави од Западен Балкан. Грантот ќе биде искористен за уредување на модерен, еколошки, енергетско оддржлив тренинг центар- HUB.

Значајно е што за сите овие проекти, по успешната апликација, договорите веќе се потпишани, а од страна на Советот на Општина Гевгелија донесени се одлуки за сопственото учество. Тоа значи дека нивната реализација стартува во 2023 година.

| | Фонд или институција преку кој е реализиран проектот | Име на проект | Вк. буџет (денари) | Сопствено учество(ден) | Донатор (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Развој на социјални услуги (лична асистенција на лица со попреченост во Гевгелијаи Богданци) | Министерство за труд и социјална политика | 7.538.848 | 138.956 Гевгелија 138.956 Богданци | 7.131.336 |
| 2. | Проект за реконструкција на младински дом „Мите Танов-Коми“ во Богородица | Биро за регионален развој/(ЈПР) | 10.224.234 | 4.089.693 | 6.134.540 |
| 3. | Поставување на урбана опрема - контејнери и канти за рециклирање на отпад во Гевгелија | Биро за регионален развој (ЈПР) | 4.000.000 | 1.200.000 | 2.800.000 |
| 4. | Поставување на урбана опрема за детски игралишта во Негорци, Прдејци и Богородица | Биро за рег. развој (ЈПР) | 4.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Реконструкција на Дом на култура во Моин | ЈПР | 13.550.000 | 2.710.000 | 10.840.000 |
| 6. | Проектирање и изградба на повеќенаменско игралиште во  Миравци | Агенција за млади и спорт | 2,559,290 | / | 2.559.290 |
| 7. | Доизградба на детската градинка „Сончогледи“-Гевгелија | Министерство за труд и социјална политика | 49.024.779 | 8.496.009 | 40.528.770 |
| 8. | Изградба на модерен, еколошки, енергетско оддржлив тренинг центар-HUB во СОУ„Ј. Јосифовски“ | егионалниот фонд за предизвици | 31.079.100 | / | 31.079.100 |
| 9 | Изградба на полски пат до месноста „Топлик“ во Гевгелија | Агенција за финансиска поддршка во земјоделство и руралниот развој | 1.000.000 | / | 1.000.000 |
| 10 | Поставување на фотоволтаични панели на Прочистителната станица во Гевгелија | Швајцарска Амбасада | 6.600.000 | / | 6.600.000 |
| 11 | Иновации, развој и вработување во земјоделскиот сектор „IDEAS“ - Промовирање на претприемништвото за млади образовани кадри за создавање нови одржливи агро-бизниси. | ФЛОРИТ - ИНТЕРЕГ ИПА ППС со Грција | 6.497.000 | / | 6.497.000 |
| 12 | Дводневен настан - фестивал на кој ќе има претставници од Локални акциски групи од 5-6 држави | ФЛОРИТ - УСАИД | 289.376 | / | 289.376 |
| 13 | Партерно уредување со урбана опрема на парк во центарот на населено место Давидово | ФЛОРИТ - УСАИД | 694.238 | 300.000 | 394.238 |
| | | | **Вкупно 137.056.865** | **18.934.658** | **118.122.207** |